# ОДЛУКА

за одобрување на Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје за 2018 година

Скопје, април 2019 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (Н.О. бр.339/15.12.2016 година, пречистен текст), Собранието на акционери на седницата оддржана на 29.05.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**

за одобрување на Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје за 2018 година

1. СЕ ОДОБРУВА Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје во 2018 година.

2. СЕ ОДОБРУВА работата на секој поединечен член на Надзорниот одбор и нивното управување/надзор со Стопанска банка АД - Скопје, како што следува:

- Маринис Стратопулос, **Претседател на Надзорниот одбор на СБ,** Генерален директор на Секторот за имот и Генерален директор на Секторот за меѓународни активности, Национална Банка на Грција С.А. Атина;

- Димитриос Христопулос, **Заменик Претседател на Надзорниот одбор на СБ**, Директор на Секторот за меѓународни активности, Национална Банка на Грција С.А. Атина;

- Анастасиос Лизос, **член на Надзорниот одбор на СБ**, Раководител на Секторот за меѓународни активности, Национална банка на Грција С.А. Атина;

- Јанис Кајулис, **член на Надзорниот одбор на СБ**, Раководител на Секторот за корпоративно кредитирање, Национална банка на Грција С.А. Атина;

- Димитра Гудуфа, **член на Надзорниот одбор на СБ,** Директор на Секторот за стратегија на Групацијата, Национална банка на Грција С.А. Атина;

- Владимир Филиповски, **независен член на Надзорниот одбор на СБ,** професор**,** Економски факултет – Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје;

- Сашо Ќосев, **независен член на Надзорниот одбор на СБ,** професор**,** Економски факултет – Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје.

3. Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје во 2018 година е составен дел од оваа Одлука.

4. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

С.О. бр.
29.05. 2019 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач

**Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје за 2018 година**

Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје продолжи да работи во 2018 година во целосна согласност со законите, Статутот и меѓународните стандарди за добро корпоративно управување.

Во главниот фокус беше редовниот надзор над имплементацијата на деловната политика на Банката. Во согласност со Законот за банки, Управниот одбор (менаџментот) редовно и сеопфатно го информираше Надзорниот одбор за севкупното опкружување и работењето на Стопанска банка АД – Скопје. Истовремено, Надзорниот одбор беше фокусиран на надзорот на работењето на Банката, преку разгледување и дискусија на извештаите на Народна банка на Република Северна Македонија и извештаите на внатрешните и надворешните ревизори. Во оваа насока Надзорниот одбор беше информиран на квартална основа за статусот на имплементацијата на препораките од регулаторите и ревизорите. Дополнително, Надзорниот одбор го усвои Бизнис планот и Деловната политика за периодот 2018-2020 година и ја утврди стратегијата на среден рок.

1. **Начин на извршување на надзорната функција**

Во согласност со Законот за банки, Надзорниот одбор се состануваше најмалку еднаш квартално. Помеѓу редовните состаноци, Надзорниот одбор разгледуваше и одобруваше предлози со писмена согласност во девет наврати. По потреба, исто така Надзорниот одбор беше информиран и за позначајни случувања и настани кои ја засегаат Стопанска банка.

Редовноста на состаноците и тековната комуникација со менаџментот обезбеди активна размена на информации помеѓу Надзорниот одбор и Управниот одбор. Дополнително, Генералниот извршен директор редовно го информира Претседателот на Надзорниот одбор за сите позначајни случувања.

Управниот одбор редовно и сеопфатно го известуваше Надзорниот одбор за деловното работење на СБ и за други значајни работи поврзани со управувањето и контролата на Банката. Поточно, Надзорниот одбор редовно ги разгледуваше сеопфатните извештаи за финансиското и деловното работење на Стопанска банка, Деловниот план, извештаите на регулаторните тела и Секторот за внатрешна ревизија, кварталните извештаи на Секторот за усогласеност на работењето на Банката со законите, разни политики, итн. Дополнително, Надзорниот одбор беше информиран за сите позначајни измени во релевантното законодавство преку Кварталните извештаи на Директорот на Секторот за усогласеност на работењето на Банката со законите.

Имајќи ги предвид одличните резултати во текот на сиот овој период како и фактот дека Банката обезбеди доволно високо ниво на капитална адекватност и силна капитална позиција, Надзорниот одбор предложи на Собранието на акционери да одобри распределба на дивиденда за сопствениците на обичните акции во два наврати. Предлозите беа одобрени од страна на акционерите.

Во текот на 2018 година до Надзорниот одбор беше доставена иницијатива на дел од сопствениците на приоритетните акции за конверзија на приоритетните во обични акции во сооднос од 1:2. Иницијативата беше разгледана од Надзорниот одбор и по проверката дека

истата е поднесена во согласност со законски пропишаните критериуми ја вклучи во Дневниот ред на Собранието на акционери во мај 2018 година. Поради немањето кворум на страната на сопствениците на приоритетните акции, предлогот не беше ставен на гласање.

Сопствениците на приоритетните акции повторно го поднесоа истиот предлог на вонредното Собрание на акционери оддржано во декември. Надзорниот одбор повторно го разгледа барањет и откако се увери дека ги исполнува законски пропишаните критериуми го вклучи во Дневниот ред на Собранието на акционери. Собранието на акционери гласаше негативно по однос на предлогот за конверзија на приоритетните во обични акции.

## 1. Надзор и соработка со другите тела на СБ (Управен одбор, Одборот за управување со ризици, Секторот за внатрешна ревизија, Одборот за ревизија и Одборот за наградување)

Како што е презентирано погоре, Надзорниот одбор вршеше надзор врз работењето на Управниот одбор и севкупното работење на Банката преку редовното разгледување и дискусија по извештаите на Управниот одбор за финансиското и комерцијалното работење на Стопанска банка АД – Скопје.

Извештаите на Секторот за внатрешна ревизија беа разгледувани на квартално ниво, и беа дискутирани и мониторирани корективните мерки во однос на идентификуваните наоди. Дополнително, работењето на Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Одборот за наградување редовно го информираа Надзорниот одбор преку нивните извештаи во согласност со интерните акти и релевантото законодавство.

Надзорниот одбор особено беше фокусиран на извештаите на Народна банка и редовно го мониторираше извршувањето на Акцискиот план на Банката кој беше подготвен со цел да се адресираат сите препораки и наоди од регулаторот.

## 3. Наградување на членовите на Надзорниот одбор

Сите членови на Надзорниот одбор имаат право на надоместок за нивното учество во Надзорниот одбор. Во согласност со Одлуката на Собранието на акционери за определување на надоместокот на членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – СКопје (С.О.бр. 249/12.12.2012 година), членовите добиваат месечен надомест во износ од 400 евра.

Во согласност со одлуката на Одборот на директори на НБГ Групацијата, лицата вработени во Групацијата кои учествуваат во одборите на банките/компаниите кои се дел од Групацијата, не добиваат надомест за нивното учество во Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје.

## 4. Евалуација на работењето на членовите и на Надзорниот одбор

Со цел да се оцени ефикасноста и ефективноста, да се идентификуваат потенцијалните области каде што е потребно дополнително подобрување и да се обезбеди дека работењето на Надзорниот одбор е во согласност со законите и интерните акти, членовите на Надзорниот одбор спроведоа *самоевалуација* на своето работење и евалуација на одборот како целина.

Евалуацијата ги зема предвид знаењата, искуството и независноста на членовите на Надзорниот одбор, како одборот работи како целина и други фактори важни за ефективноста на телото.

Врз основа на генералната евалуација, може да се заклучи дека работењето на Надзорниот одбор како целина е оценето со висока оценка (вкупно 4.4 на скала до 5), што значи дека Одборот работи во согласност со важечкото законодавство и стандардите за добро корпоративно управување на Групацијата и ефективно ја исполнува својата надзорна функција. Членовите на Надзорниот одбор очекуваат континуирано одлично организирање на состаноците и континуирано инкорпорирање на најдобрите практики во однос на т.н. succession планирање, оценување на работењето и надзор над наградувањето.

Надзорниот одбор исто така спроведе евалуација на сите членови индивидуално. Евалуациите потврдија дека постојниот состав на Надзорниот одбор има колективно и индивидуално знаење, вештини и специјализирано искуство како и интегритет и репутација соодветни за системски значајна банка како СБ. Дополнително, сите членови на Надзорниот одбор посветуваат соодветно време и фокус на нивните надзорниот и стратешки обврски како членови на одборот.

Следствено, не се предлагаат позначителни промени во работењето на Надзорниот одбор.

Во оваа прилика, изразуваме благодарност до сите членови на менаџментот и вработените на СБ за нивното посветено работење кон постојана реализација на мисијата и стратешките цели на Банката.

Н.О. Бр.
24.04.2019
Skopje

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

Маринис Стратопулос
**Претседател**